02-125/1
12.02. 2016 г.
Пробиштип

02-02
12.02. 16

Врз основа на член 19, став2, точка 7 од (Сл. весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15), член9, став 9, член17, 18, член19,став 8 и член37 од Закон за гробишта и погребални услуги (сл. весник на РМ бр.86/08, 156/10, 53/11 и 163/13), член 22 од Законот за комуналните дејности ( сл. весник на РМ бр.95/12), член 18, став 1, алинеа 7 од Статутот на ЈКП Никола Карев Пробиштип, и согласно Одлука бр.07-281/4 од 2011 г. за назначување управител на гробишта во општина Пробиштип, Управниот одбор на ЈКП„Никола Карев"-Пробиштип на седницата одржана на ден 12.02.2016 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за утврдување на висината на надоместоците за управување и одржување на градските гробишта

### Член 1

Со оваа се утврдува висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта, како и гробиштата во нас.Пробиштип, с.Калниште и Злетово.

Утврдените надоместоци исклучиво ќе ги користи управителот на гробиштата ЈКП Никола Карев Пробиштип.

### Член 2

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за доделување на употреба на гробно место и одржување на гробиштата.

Надоместокот по носител на гробно место за доделување на гробно место изнесува:

- Надоместок за доделување на употреба на гробно место:
    - За гробно место со две гробници (бетонирано) – **11.000** денари;
    - За гробно место со една гробница (бетонирано) – **6.100** денари;
    - За доделување и употреба на старо гробно место на друг носител со отстапување на трети лица, со изјава на носителот на постоечкото гробно место и воведување во евиденција на новиот корисник – **1.500** денари;
- Надоместок за обележување и изработка на протокол на регулациона, градежна и нивелациона линија со определување на површина за изградба на гробно место и гроб – **600** денари.

Надоместокот по носител на гробно место за одржување на гробишта – гробна такса (гробарина) изнесува:

- Надоместок за гробна такса (гробарина) за Градските гробишта – **600** денари/годишно;
- Надоместок за гробна такса (гробарина) за гробишта во нас.Пробиштип, с.Калниште и с.Злетово – **400** денари/годишно.